ЗАПИСНИК
од 10-та седница на Советот на Општина Новаци, одржана на ден 09.04.2026 година, со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во Новаци

На седницата присуствуваа советниците: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Игор Марковски, Иванчо Петковски, Македонка Соклевска, Ропче Ангелковски, Иванчо Котевски и Васко Секуловски.

Од општинската администрација присутни беа: Стевче Стевановски-Градоначалник на Општина Новаци, Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни, општи и јавни дејности, Петар Велјановски-Соработник и Оливера Димитровска-Раководител на одделение за финансиски прашања.

Останати присутни: Андреј Наумовски-Претседател на здружение „Младинска Граѓанска Акција“- Новаци, Билјана Талевска-Директор на ЈОУДГ “БАМБИ”- Новаци, Влатко Талевски-претставник од ЈПКД “Комунална Хигиена”- Новаци.

Претседателот на Советот Илче Трајковски ја отвори седницата, ги поздрави советниците и го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1.Разгледување и усвојување на Записникот од 8-та седница на Совет на Општина Новаци;
2.Разгледување и усвојвање на Финансиски извештај за искористени средства од Буџет на Општина Новаци од Здружение „Младинска граѓанска акција“ Новаци;
3. Разгледување и усвојвање на Извештај-Преглед за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2025 година;
4.Разгледување и донесување на Програма за одржување, санација и реконструкција на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2026 година;
5.Разгледување и усвојување на Измена и дополнување на Годишна програма за превоз на ученици и финансиска анализа на општински и меѓуопштински превоз на територијата на Општина Битола, Општина Новаци и Општина Могила за 2026 година;
6. Разгледување и усвојвање на Завршна сметка на ЈПКД “Комунална Хигиена” – Новаци за 2025 година;
7. Разгледување и усвојвање на Годишен извештај за работењето на ЈПКД “Комунална Хигиена” –Новаци за 2025 година;
8.Разгледување и усвојвање на Годишен извештај за извршените работи за одржување на локалните водоводи на територијата на Општина Новаци за 2025 година;
9. Разгледување и усвојвање на Годишен извештај за извршените работи за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Новаци за 2025 година;
10. Разгледување и усвојвање на Завршна сметка на ЈОУДГ “БАМБИ” Новаци за 2025 година;

11. Разгледување на Барање за одобрување на финансиски средства од ЗФК “Пелагонија” с.Добромири за натпреварување во општинската фудбалска лига за сезона есен-пролет за период 2026/2027 година;
12. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Бамби“ – Новаци;
13.Разгледување на Барање за спонзорство и донација од ООУ “Славко Лумбарковски” од с.Новаци;
14.Разгледување на Барање од МЗ с.Живојно за реновирање на црква Св.Петка;
15.Разгледување на Барање од Марина Наумовска од с.Новаци за решавање на проблемот со канализационите цевки во нејзиниот двор;
16.Разгледување на Барање од Црковен одбор при црква Св.Талалеј с.Билјаник за одобрување на градежни материјали;
17. Разгледување на Барања за еднократна парична помош;
18. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред од 10-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателот предложи Дневниот ред да се измени и дополни со една нова точка, како точка број 18 и тоа:

-Разгледување на Барање од Здружение на хуманитарни восрасни граѓани на Општина Новаци-“Сложни граѓани” за реализација на еднодневна екскурзија на пензионерите од Општина Новаци на релација Новаци-Крушево-Новаци.

Точката број 18 Советнички прашања, да биде точка број 19.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа ЗА** го усвои предлогот за изменувањето и дополнувањето на Дневниот ред, така што Дневниот ред на 10-та седница на Советот на Општина Новаци, брои 19 (деветнаесет) точки.

Вака предложениот Дневен ред со измените и дополнувањата, советниците го усвоија со **9 гласа ЗА.**

Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 8-та седница на Совет на Општина Новаци.

По разгледувањето, Записникот од 8-ма Седница беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **9 гласа ЗА**.

Точка 2. Разгледување и усвојвање на Финансиски извештај за искористени средства од Буџет на Општина Новаци од Здружение „Младинска граѓанска акција“ Новаци;

Претседателот на здружението „Младинска Граѓанска Акција“- Новаци, Андреј Наумовски го достави на разгледување дополнителниот материјал од финансискиот извештај кој недостасуваше при претходното разгледување на Совет и истиот повторно го образложи пред советниците, со тоа што се докомплетира целокупниот финансисики и наративен извештај за реализација на предвидените настани и активности и потрошени средства доделени од Општина Новаци во 2025 година.

По разгледувањето на целокупниот извештај, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена со **7 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАНО.**

Точка 3. Разгледување и усвојување на Извештај-Преглед за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2025 година;

Градоначалникот Стевче Стевановски го образложи Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2025 година, истакнувајќи дека по завршената постапка за јавни набавки за изведба на работите како најповолен понудувач му беа додлени на "СТЕНТОН ГРАДБА" ДОО Битола и согласно Програмата биле изведени изградби на локални улици и патишта во 9 населени места во висина од 7.852.152 денари од кои 3.221.567 денари биле приходи од Агенција за Државни патишта, а остатокот од Буџет на Општина Новаци за 2025 година. По образложувањето на Градоначалникот, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена **со 7 гласа ЗА** и **2 гласа ВОЗДРЖАНО** .

Точка 4. Разгледување и донесување на Програма за одржување, санација и реконструкција на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2026 година;

Градоначалникот Стевче Стевановски ја образложи новата Програма за одржување, санација и реконструкција на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2026 година, истакнувајќи дека со оваа Програма се утврдува обемот на работите и средствата за одржување, санација и реконструкција на локалната патна мрежа во општината и се предвидени средства во висина од 9.288.717 денари од кои 3.221.567 денари се приходи од ЈП за државни патишта а 6.067.150 денари се средства обезбедени од Буџет на Општина Новаци.

Со новата Програма се предвидува изградба на нови и санација на постоечки локални улици и патишта во неколку населени места и тоа: с.Новаци, с.Долно Орехово (кај црквата), с.Рибарци, с.Горно Агларци, с.Рапеш (кај манастирот), с.Добромири и дополнително во с.Новаци (од главниот пат до патеката шо води до манастирот).

Советникот Васко Секуловски побара да се асфалтира дел од локалниот пат што води до манастирот Рождество на Пресвета Богородица, од главниот пат до почетокот на бетонираниот пат кој е во лоша состојба некаде во должина од 50-тина метри.Градоначалникот истакна дека го прифаќа предлогот и од тие предвидените 400м асфалт за изградба и санација на улици во Новаци ќе се издвојат 50-тина метри за асфалтирање на тој дел од патот.

Советникот Ропче Ангелковски го праша градоначалникот дали во програмата и општо преку некој проект е предвидено санирање или асфалтирање на локалниот пат Гнеотино-Брод кој е во многу лоша состојба и жителите од неколку села се соочуваат со сериозни проблеми кои го избегнуваат да го користат тој пат и одат преку Битола да стигнат до Новаци или други места.Градоначалникот истакна дека се во фаза на разговори со Рек Битола кој планира да отвори нов коп на јаглен во тој регион и дека согласно студијата и програмите предвидено е изградба на нов пат кој ќе се поврзува и со Ергелскиот пат и затоа Општина неможе да превземе било какви активности по однос на овој проблем само може да извршува санирање на оштетените делови. По

образложувањето на Прогарама од страна на градоначалникот и дискусијата, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена **со 7 гласа ЗА** и **2 гласа ВОЗДРЖАНО** .

Точка 5. Разгледување и усвојување на Измена и дополнување на Годишна програма за превоз на ученици и финансиска анализа на општински и меѓуопштински превоз на територијата на Општина Битола, Општина Новаци и Општина Могила за 2026 година;

Претседателот Илче Трајковски го прочита Барањето од МЈП "ПЕЛА ЛИНК" Битола за измена на Годишната програма за превоз на ученици и финансиска анализа на општински и меѓуопштински превоз на територијата на Општина Битола, Општина Новаци и Општина Могила за 2026 година.Со измената се бара за замена на постојната линија 8А со линија број 8. Во рамки на новата линија број 8 се воведува доплонување со ново населено место-Брусник. Во финансискиот дел од Годишната програма не се предвидуваат измени.

По образложувањето, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 6. Разгледување и усвојвање на Завршна сметка на ЈПКД "Комунална Хигиена – Новаци за 2025 година;

Влатко Талевски вработенен во ЈПКД "Комунална Хигиена"– Новаци ја образложи точката истакнувајќи дека завршната сметка е резултат на целокупното работење на претпријатието во текот на 2025 година и дека ги отсликува реализираните активности и преземените обврски. Посочи дека претпријатието работело домаќински, одговорно и согласно усвоените програми и потребите на терен, при што на крајот е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 306.333 денари. Советникот, Македонка Соклевска по однос на оваа точка, постави прашање во врска со сумата во ставката „интелектуални услуги" и за што точно се наплатени тие средтва за такви услуки. Влатко Талевски појасни дека тие средства се однесуваа на услуги за консултации, средување на документација, нејзина проверка, а по потреба и целосна подготовка на документи со проверка на законска регулатива и други сродни работи, извршувани дополнително од страна на надворешно ангажираниот книговодител кои покрај изработка на завршната сметка ги извршува и овие дополнителниработи на претпријатието.

По образложувањето, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена **со 7 гласа ЗА** и **2 гласа ВОЗДРЖАНИ.**

Точка 7. Разгледување и усвојвање на Годишен извештај за работењето на ЈПКД "Комунална Хигиена" –Новаци за 2025 година;

Влатко Талевски вработенен во ЈПКД "Комунална Хигиена"– Новаци ја образложи точката истакнувајќи дека претпријатието за 2025 година работело со истите основни активности, но со драстично зголемен обем на работа. Воедно истакна дека и покрај зголемениот број барања и задачи, од страна на претпријатието се било завршено успешно, организирано и во законски и оперативни рокови.

По образложувањето, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена **со 7 гласа ЗА** и **2 гласа ВОЗДРЖАНИ.**

Точка 8. Разгледување и усвојвање на Годишен извештај за извршените работи за одржување на локалните водоводи на територијата на Општина Новаци за 2025 година;

Влатко Талевски вработенен во ЈПКД "Комунална Хигиена"– Новаци ја образложи точката истакнувајќи дека активностите поврзани со локалните водоводи се спроведувале редовно и согласно Програмата за локални водоводи за 2025 година. Нагласи дека хлорирањето се вршело редовно, навремено и уредно, при што сите обврски во оваа област биле успешно реализирани.

По образложувањето, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена **со 7 гласа ЗА** и **2 гласа ВОЗДРЖАНИ.**

Точка 9. Разгледување и усвојвање на Годишен извештај за извршените работи за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Новаци за 2025 година;

Влатко Талевски вработенен во ЈПКД "Комунална Хигиена"– Новаци ја образложи точката истакнувајќи дека во делот на јавната чистота претпријатието работело согласно Програмата за јавна чистота за 2025 година и дека сите предвидени активности биле реализирани навремено и успешно. Притоа наведе дека, иако активностите останале непроменети, обемот на работа бил значително зголемен, со поголем број барања и работни обврски.

По образложувањето, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена **со 7 гласа ЗА** и **2 гласа ВОЗДРЖАНИ.**

Точка 10. Разгледување и усвојвање на Завршна сметка на ЈОУДГ "БАМБИ"- Новаци за 2025 година;

Директорката на ЈОУДГ "БАМБИ"- Новаци, Билјана Талевска пред советниците ја образложи завршната сметка на детската градинка појаснувајќи дека градинката позитивно ја заврши годината со пренесување на околу 1.100.000 денари во 2026 година. Директорката предложи месечното плаќање за престој во градинката да биде 1500 денари без разлика дали некои од децата ќе ги користат услугите на градинката цел месец непречено или парцијално.

Советникот Македонка Соклевска праша дали градинката има Правилник со кој ќе се ослободуваат или субвенционираат месечните надоместоци за престој на деца во социјален ризик или деца на самохрани родители. Директорката кажа дека нема таков правилник и дека до сега не се регистрирани такви случаеви, а доколку се појават, тоа прашање и состојба ќе ги разгледаат на Управен одбор и во соработка со Општината ќе ги решаваат таквите случаеви.Исто така, советникот Македонка Соклевска праша дали градинката планира да се воведат јасли за бебиња.Директорката истакна дека се запознаени за потребата од јасли меѓутоа градинката нема доволно простории и капацитет за таква намена и дека потребно е да се изврши доградба на постоечката градинка или да се изнајми дел од објектот Амбуланата кој е во сопственот на Здравствен дом од Битола во кој има простории кои не се користат моментално.

Градоначалникот Стевче Стевановски кажа дека овој предлог и потреба ќе се разгледа дополнително и доколку има можност и се обезбедат средства има можност да се реализира истото.

По образложението на директорката и дискусијата, Претседателот ја стави точаката на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 11. Разгледување на Барање за одобрување на финансиски средства од ЗФК "Пелагонија" с.Добромири за натпреварување во општинската фудбалска лига за сезона есен-пролет за период 2026/2027 година;

Претседателот Илче Трајковски го прочита барањето од ЗФК "Пелагонија" од с.Добромири во кое се бара одобрување на финансиски средства во висина од 140.000 денари за натпреварување во новата сезона есен-пролет за период 2026-2027 година согласно годишната програма на фудбалскиот клуб. Заедно со новото Барање во прилог, советниците го разгледаја и финансискиот извештај за потрошените претходно доделени финансиски средства за сезоната пролет-есен 2025 година.Согласно програмата на фудбалскиот клуб која претходно беше усвоена од Совет на Општина Новаци и новото Барање, Советот со **9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на финансиски средства во висина од 140.000 денари на ЗФК "Пелагонија" од с.Добромири за натпреварување во новата престојна сезона.

Точка 12. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Бамби" – Новаци;

По однос на оваа точка, Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Горан Велјановски кажа дека комисијата одржа седница и на седницата беше предложен следниот член за Надзорен одбор на ЈОУДГ „Бамби"-Новаци:

1.Симона Здравковска од с.Новаци

Точката со предлогот беше ставен на гласање и истиот беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 13. Разгледување на Барање за спонзорство и донација од ООУ "Славко Лумбарковски" од с.Новаци;

Претседателот Илче Трајковски го прочита Барањето од ООУ "Славко Лумбарковски"-Новаци со кое се бара преку спонзорство или донација Општина Новаци да обезбеди униформи на сите ученици од 1-во до 9-то одделение во централното и подрачните училишта.Бидејќи претставникот од Училишниот одбор не беше присутен да го облазложи Барањето и да го слушни предлогот на Советот на Општина Новаци, Претседателот даде предлог точката да се одложи за повторно разгледување на некоја наредна седница така што истиот беше усвоен со **9 гласа ЗА**.

Точка 14. Разгледување на Барање од МЗ с.Живојно за реновирање на црква Св.Петка;

Претседателот Илче Трајковски го прочита Барањето од МЗ од с.Живојно со кое се бара обезбедување на градежни материјали за реновирање и доизградба на црквата Св.Петка.

По разгледување на Барањето, Советот со **9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на градежен материјал согласно тендерот за градежни материјали за реновирање и доизградба на црквата Св.Петка во с.Живојно.

Точка 15. Разгледување на Барање од Марина Наумовска од с.Новаци за решавање на проблемот со канализационите цевки во нејзиниот двор;

Претседателот Илче Трајковски го прочита Барањето од Марина Наумовска од с.Новаци и кажа дека се работи за отстранување на канализациони цевки поставени од соседот од кои истекувале фекалии во нејзиниот двор и предизвикувале непријатна миризба и амонијак.Согласно претходното барање од нејзнина страна по однос на надлежноста со ова барање исто така се бара да се произнесе Општината кој е надлежен за справување со нејзиниот проблем.

Советот одлучи ова Барање со заклучок да го препрати до инспекторот за животна средина од Општина Новаци за натамошно постапување.

Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 16. Разгледување на Барање од Црковен одбор при црква Св.Талалеј с.Билјаник за одобрување на градежни материјали;

Претседателот Илче Трајковски го прочита Барањето од Црковниот одбор при црквата Св.Талалеј од Билјаник и кажа дека барањето се однесува за обезбедување на градежни материјали и песок за доизградба на црквата во рамки на можностите на Општина Новаци.

По разгледување на Барањето, Советот со **9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на градежен материјал согласно тендерот за градежни материјали и 20м3 песок фракција 1-2.

Точка 17. Разгледување на Барања за еднократна парична помош;

Претседателот ги прочита сите **11 Барања за еднократна парична помош** од физички лица на предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош и Советот одлучуваше поединечно за секое Барање и тоа:

1.Рагледување на Барање за финансиска помош за лекување од Анита Митревска од с.Рапеш како лице со здравствени проблеми.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Анита Митревска од с.Рапеш, во висина од 20.000,00 ден.

2.Разгледување на Барање за финансиска помош за лекување од Томе Атанасовски од с.Маково како лице со здравствени проблеми.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Томе Атанасовски од с.Маково, во висина од 20.000,00 ден.

3.Разгледување на Барање за финансиска помош од Владо Бошевски од с.Далбеговци како домаќинство во социјален ризик.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на

еднократна парична помош на Владо Бошевски од с.Далбеговци, во висина од 10.000,00 ден.

4.Разгледување на Барање за финансиска помош од Соња Јовановска од с.Новаци за лекување на нејзиниот син Славче Јовановски.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Славче Јовановски од с.Новаци како лице со посебни потреби, преку подносителот на Барањето, Соња Јовановска, негова мајака, во висина од 20.000,00 ден.

5.Разгледување на Барање за финансиска помош од Митра Трајковска од с.Маково како домаќинство во социјален ризик.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Митра Трајковска од с.Маково, во висина од 10.000,00 ден.

6.Разгледување на Барање за финансиска помош за лекување од Панде Тошевски од с.Горно Агларци како лице со здравствени проблеми.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Панде Тошевски од с.Горно Агларци, во висина од 20.000,00 ден.

7.Разгледување на Барање за финансиска помош за лекување од Оливер Митровски од с.Долно Агларци како лице со здравствени проблеми.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Оливер Митровски од с.Долно Агларци, во висина од 20.000,00 ден.

8.Разгледување на Барање за финансиска помош за лекување од Жаклина Златковска од с.Маково како лице со здравствени проблеми.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Жаклина Златковска од с.Маково, во висина од 6.000,00 ден.

9.Разгледување на Барање за финансиска помош за лекување од Борис Христовски од с.Новаци како лице со здравствени проблеми.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Борис Христовски од с.Новаци, во висина од 20.000,00 ден.

10.Барање за финансиска помош за лекување од Слободан Златевски од с.Далбеговци како лице со здравствени проблеми.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Слободан Златевски од с.Далбеговци, во висина од 10.000,00 ден.

11.Барање за финансиска помош за лекување од Лена Апостолова од с.Рибарци како лице со здравствени проблеми.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Лена Апостолова од с.Рибарци, во висина од 20.000,00 ден.

Точка 18. Разгледување на Барање од Здружение на хуманитарни восрасни граѓани на Општина Новаци-"Сложни граѓани" за реализација на еднодневна екскурзија на пензионерите од Општина Новаци на релација Новаци-Крушево-Новаци.

Претседателот Илче Трајковски го прочита Барањето од Здружението кое беше како дополнување на дневниот ред и кажа дека во истото се бара разгледување на 3 понуди од превозници за реализација на еднодневна екскурзија на пензионерите од Општина Новаци на релација Новаци-Крушево-Новаци и одобрување на финансиски средства во висина на најповолната избрана понуда.

По разгледувањето на доставените понуди во склоп на барањето, Советот ја избра понудата од превозникот Туристичка агенција-"ЏЕМ ТРАВЕЛ" од Битола во износ од 17.000 денари за автобус со 50 седишта и 10.000 денари за минибус со 20 седишта. Одобрените финансиски средства во висина на избраната понуда да се исплатат на превозникот по доставена фактура.

Претседателот ја стави точаката на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 19. Советнички прашања.

Претседателот праша дали некој од советниците има советнички прашања. Советнички прашања немаше.

По исцрпувањето на Дневниот ред, Претседателот Илче Трајковски ја затвори седницата.

Седницата заврши во 14:00 часот

Записничар
Петар Велјановски

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски